Бр./Nr 04-2539/18
17-08-2026 г./v.

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014; 199/2014; 48/2015; 154/2015; 5/2016; 142/2016 и 11/2018) и („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/2019; 14/2020; 215/2021; 99/2022 и 208/2024), а во врска со објавениот Интерен оглас број 01/2026 за унапредување на 2 (двајца) административни службеници во Секретаријатот на Државната комисија за спречување на корупцијата, Генералниот секретар на Државната комисија за спречување на корупцијата донесе

# ОДЛУКА
## за избор на кандидат за унапредување

1. За работното место Советник за спречување на корупцијата во областа транспорт, урбанизам и просторно планирање и животна средина, Одделение за спречување на корупцијата, Сектор за спречување корупција, се избира кандидатот **Бурим Абази**.
2. Именуваниот кандидат ќе биде унапреден на работното место од претходната точка, по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе посебно решение за унапредување на административен службеник.
3. Одлуката за избор на кандидатот за унапредување да се достави до избраниот кандидат и да се објави на веб страната на Државната комисија за спречување на корупцијата.
4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Државната комисија за спречување на корупцијата по добиено известување со архивски број 19-5502/3 од 27.07.2026 година од Министерството за финансии, за обезбедени финансиски средства во буџетот на ДКСК за тековната фискална 2026 година, за унапредување на 4 (четири) лица, ја започна постапката за унапредување на административни службеници со Барање за започнување на постапка за унапредување на административен службеник бр.04-2539/1 од 29.07.2026 година, во кое беше назначено нивото и описот на работните места кои се предлагаат за пополнување.

За започнување на постапката за унапредување и објавување на интерниот оглас, до Агенцијата за администрација е доставено Известување за објавување на интерен оглас и барање за номинација бр. 04-2539/3 од 30.07.2026 година, по што на ден 05.08.2026 година Интерниот оглас број 01/2026 за унапредување на 2 (двајца)

административни службеници во Секретаријатот на Државната комисија за спречување на корупцијата е објавен на веб страната на Државната комисија за спречување на корупцијата и на веб страната на Агенцијата за администрација.

За спроведување на постапката за селекција за унапредување по интерниот оглас - фаза административна селекција и интервју, со Решение за формирање на Комисија за селекција за унапредување за работното место под реден број 1 и 2, бр.04-2539/9 од 11.08.2026 година формирана е Комисија за селекција за унапредување, за горенаведеното работно место.

На интерниот оглас за ова работно место се пријави еден кандидат.

Комисијата за селекција за унапредување по интерен оглас, при спроведувањето на постапката на административна селекција изврши проверка на внесените податоци во пријавата со општите и посебни услови објавени во интерниот оглас, приложените докази во пријавата и нивно бодирање, за што состави Записник од административна селекција за интерен оглас, бр.04-2539/12 од 13.08.2026 година.

По спроведената административна селекција со единствениот уреден кандидат се спроведе интервју.

Врз основа на бодовите од административната селекција и интервјуто, Комисијата за селекција за унапредување по интерен оглас состави Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат.

Врз основа на Финалната ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлуката за избор на прворангираниот кандидат, Генералниот секретар на Државната комисија за спречување на корупцијата донесе одлука за избор на кандидатот Бурим Абази.

Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена сметано од денот на доставување на Одлуката до кандидатот и објава на веб страната на Државната комисија за спречување на корупцијата.

**Генерален секретар**
**м-р Маја Коневска**

Доставено до:
- Именуваниот административен службеник
- Одделение за управување со човечки ресурси
- Архива